# Упатство за регистрација на **физички лица** за електронско банкарство

За да се регистрирате како нов корисник за услугите за електронско банкарство CCB Online и/или CCBMobile, на ЦКБ АД Скопје, следете ги следните чекори:

**1.** Отворете ја веб страната на Банката, www.ccbank.mk и кликнете на линкот **Регистрација**




или, отворете го директно линкот https://online.ccbank.mk/registr

**2.** На новоотворената страна изберете **Регистрација на физички лица/Регистрација за физички лица како корисници за правни лица**




**3.** На следната страна кликнете на еден од линковите за услугата за која сте се определиле




**4.** Пополнете ги бараните податоци и кликнете на **Преглед**



***НАПОМЕНА:*** <u>Штиклирајте Корисник за правно лице **само** доколку се регистрирате како корисник за правно лице.</u>

**5.** На следниот прозор прегледајте ги внесените податоци и ако се во ред кликнете **ОК**




**6.** Постапката за пријава на регистрација со тоа е завршена.

**Посетете ја лично со документ за лична идентификација матичната експозитура на Банката, каде ќе се изврши потврдување на Вашата регистрација.**

По извршеното потврдување, доколку сте се определиле за користење на CCBOnline, Банката во рок од 5-7 дена ќе Ви издаде дигитален сертификат за сопствени потреби на УСБ токен по што ќе може да започнете со користење на услугата.

***НАПОМЕНА:*** Користење на системот за електронско банкарство е можно и со дигитален сертификат издаден од КИБС. Откако ќе се потврди регистрацијата во матичната експозитура, кликнете на линкот **Регистрација на сопствен сертификат издаден од КИБС**




и најавете се со Вашето корисничко име и лозинка



Потоа клик на




и клик на




На крај клик на **Регистрирај**




***НАПОМЕНА:*** Контактирајте го службеникот во матичната експозитура за да го потврди Вашиот КИБС сертификат, по што ќе може да го користите за системот CCBOnline.

**7**. Доколку сте се определиле за користење на CCBank Mobile MK, потребно е да ја симнете апликацијата од платформите Google Play Store или Huawei AppGallery за андроид или App store за IOS, а потоа од самиот мобилен уред каде ја имате инсталирано апликацијата, внесете го Вашето корисничко име и лозинка (кои ги избравте при самата регистрација), за најава на електронско банкарство, по што треба да ги следите чекорите од самата апликација.

Прозорецот кој се појавува при вклучување на апликацијата CCBank Mobile MK е следниот:




Во полето корисничко име и лозинка ги внесувате постоечките доколку претходно сте корисник на електронско банкарство преку системот на CCB Online или корисничкото име и лозинка кои ги имате избрано при регистрацијата.

Со внесот на Вашето корисничко име и лозинка ќе го добиете прозорецот кој е презентиран во продолжение.




Откако ќе ја добиете оваа порака, Вашата регистрација е прифатена и со ова во Банката е доставено барање за користење на системот на CCB Mobile.

Со клик на полето **продолжете** ќе бидете упатени кон првата страна од мобилната апликација:




На првата страна по инсталирање на мобилната апликација и најавата со корисничкото име и лозинка ќе добиете порака за посета на експозитурата за да добиете код за регистрација.

Напомена: потребно е да ја посетите Вашата матична експозитура каде сте регистрирани како клиент за да го добиете потребниот код.